РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 12-4227/4
08-01-2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата,Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по барање за достава на податоци и пријава за корупција доставена од познат подносител, на 45-та седница, одржана на ден 29 Декември 2020 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по барање за достава на податоци бр. 12-4227/1 од 10.09.2019 година, доставено до Државната комисија за спречување на корупцијата од Министерството за внатрешни работи – Единица за финансиски криминал при Бирото за јавна безбедност, како и по пријава за корупција бр. 12-2776/1 од 21.05.2019 година доставена од познат подносител – физичкото лице ------------------ од ------------- со познати адресни податоци, а по кои поднесоци постапувањето на Државната комисија е споено и се води во единствена постапка во предметот со број 12-4227 од 2019 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи и нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-4227 од 2019 година.

Предметот со број 12 – 4227 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата со бр. 12-2776/1 од 21.05.2019 година.

**Образложение**

Предметот со број 12 – 4227 од 2019 година е оформен врз основа на барање за достава на податоци бр. 12-4227/1 од 10.09.2019 година, доставено до Државната комисија за спречување на корупцијата од Министерството за внатрешни работи – Единица за финансиски криминал при Бирото за јавна безбедност кое барање се однесува на известување од аспект на прашањето за тоа дали до Државната комисија е доставена претставка во врска со доделување на користење на стан лоциран на ---------------------------------------- ---------------- во --------------------.

Државната комисија постапи по барањето така што подносителот на барањето го извести, со писмено од 02.10.2019 година, за тоа дека постапува по вкупно 3 (три) пријави кои се однесуваат на предметниот случај, дека во тек на постапувањето по две од пријавите побара и прибави потребни информации од надлежните органи во Република Северна Македонија, како и дека постапувањето по сите три пријави и по прибавените информации и податоци е сеуште во тек.

Во рамки на постапување по предметот со број 12 – 4227 од 2019 година, на 02.10.2019 година, исто така, Државната комисија заклучи да се изврши спојување на овој предмет со друг, па имено кон овој предмет да се спои предметот со број 12- 2776/1 од 2019 година оформен врз основа на пријава со број 12-2776/1 од 21.05.2019 година доставена од познат подносител – физичкото лице ---------------- од ------------- со познати адресни податоци.

Од содржината на пријавата доставена од лицето ------------- од ------------- произлегува дека -------------------------------------, во повеќе наврати преку разни институции, безуспешно - да добие на користење државен стан под закуп. При ------------------ , а и со пријавата до ДКСК, го посочува станот за кој има сознанија дека е слободен, дека не се користи од лицето на кое му е даден во закуп, а кој се наоѓа на ул.----------------- ---------------------.

Во контекст на ова, пријавата содржи наводи со сомневања за противправно користење – и тоа формално користење, на стан во сопственост на РСМ,од страна на лицето -----------------, вработен во ----------- ---- -, ------------------------ – на раководна позиција. Воедно за ова лице се изнесени наводи дека го има добиено на користење државниот стан и покрај тоа што има во сопственост повеќе станови и друг недвижен и подвижен имот и ,исто така, е сопственик на трговското друштво --------------------------, на ------------------------------- и др.

----------------------------------, исто така, изразува сомневања за сторените злоупотреби на службената положба од страна на службени лица во постапката за доделување на како што ги именува “дипломатски станови под непрофитен закуп“.

Со дополнителни административни проверки Државната комисија утврди дека на случајот со предметниот државен стан даден под закуп Државната комисија постапувала во уште два наврати, од кои последен пат во предметот со број 12-4508 од 2019 година. Во посочениот предмет по преземени дејствија за административни проверки од Државната комисија и добиени сознанија дека по поднесени пријави од повеќе државни институции за незаконитости при доделување на предметниот стан во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е оформен предмет --------------------------------- во кој се издадени Наредби за собирање на потребни известувања, овој предмет со Одлука бр 12-430/3 од 11.09.2020 година е затворен и архивиран.

Врз основа на горе наведените сознанија и информации дека на сомневањата за злоупотреби и противправни дејствија во постапката за доделување под закуп на предметниот стан на лицето ------------------------------, вработен во ---------------------------- постапува друг надлежен орган во РСМ Државната комисија оцени дека нема елементи и основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12 – 4227 од 2019 година вклучително и по пријавата доставена од лицето ----------------------- од -------------------- кое своите барања и правни средства за решавање на станбеното прашање треба да ги остварува пред други надлежни органи во РСМ.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Декември 2020 година под бр. 12- -----------/__**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил:Г.Т, Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносител